**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за средното образование** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, Никола Тодоров** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **Мај 2010** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Да** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

**Постојниот Закон за средното образование во делот на прекршочните одредби, глава XIII (член 109) не нуди механизми за усогласување на материјалниот закон со Законот за прекршоците во поглед на рангирање на прекршоците според видот, тежината и штетните последици кои можат да настанат со нивно сторување, како и истовремено изрекување и одредување на висината на глобата за ист вид на прекршок за правниот субјект (средното училиште), за одговорното лице во правниот субјект (директорот) и физичките лица (наставниците и родителите). Постојниот Закон за средното образование посебно нема дефинирано распон на висината на казните кој треба да се движи помеѓу 50% и 100% односно 1:2. При тоа, во Предлогот постои класификација и категоризација на прекршочната одговорност според тежината на сторениот прекршок за секој субјект поодделно, па во зависност од тоа се изрекуваат и различни износи на глоба кои се рангирани во три нивоа. За првиот вид на прекршоци истовремено се предвидува изрекување на глоба за ист вид на прекршок и за правното лице кое е субјкет на надзорот и за одговорното лице на правното лице. Исто така, се предвидени повисоки глоби во утврден единствен износ и во распон на висината на казните во сразмер (1:2) кои исто така се изрекуваат за правното лице, одговорното лице**

**на правното лице и физичкото лице (втор ранг). На крај се предвидени потешките облици на прекршоци (трет ранг) за кои следува изрекување на глоба како главна казна, покрај која надлежниот орган може да изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност.**

**Исто така, не е воведен и системот на интегрирана база на податоци и интерактивната настава, која го подигнува нивото на квалитет во средното образование. Постојниот Закон не нуди задолжително користење на информатичката опрема, која е инкорпорирарна со Предлогот како составен дел на Проектот „Компјутер за секое дете“.**

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   **Воведување на постапката за спроведување на едукација, подигнување на нивото на квалитетно изведување на наставата.**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   **Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   **Постоечкиот Закон за средното образование**

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
   **Контакти со експерти и нивни забелешки и коментари.**

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   **Иницијално е потребна анализа на постоечкиот Закон за средното образование во делот на прекршочните одредби, да се утврдат неговите слабости, а притоа да се земат во предвид и позитивните ефекти.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Во работната група учествуваа претставници од Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат.**

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од април 2010 години, кога се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

**Не се планира вклучување на надворешни консултанти.**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   **28.05.2010**

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**За реализација на предвидените законски решенија со овој предлог закон не се потребни дополнителни финансиски средства за 2010 година, ниту се планира зголемување на човечките ресурси.**